# ***ПРЕПОРАКА***

## *за ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг*

Во периодот ноември 2007 – март 2008 година ГОФРЕ проектот (Градење административни капацитети за интеграција во ЕУ) финансираше реализација на проектот **ПРАВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА РЕГУЛАТИВАТА И ЕЛЕКТРОНСКА СЕДНИЦА НА ВЛАДАТА.** Директни корисници на резултатите на овој проект се Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања во функција на зголемување на капацитетите за подготвување на квалитетно законодавство и креирање спроведливи политики.

Реализацијата на овој проект е доверена на **Трајковски & Партнери Консалтинг** за кој истата претставуваше професионален предизвик и шанса своето искуство и знаење да го имплементира во една нова сфера.

Основна цел на проектот беше да се понудат измени и дополни на Деловникот за работа на Владата, со кои ќе се предвиди задолжителна анализа на состојбите и проценка на влијанието на регулативата пред донесувањето на политиките (закони и подзаконска регулатива) и да се овозможи усогласување на овие постапки со постапките за усогласување со законодавството на ЕУ, поддржани преку системот на е-Влада. Главни резултати од овој проект беа:

- Анализа на законската рамка во РМ за функционирање на е-Влада
- Предлог измени и дополни на Деловникот за работа на Владата кои се однесуваат на спроведување на проценка на влијанието на регулативата и воведување на е-седници на Влада (вклучена и дописна седница на Влада)
- Методологија за проценка на влијанието на регулативата
- Обрасци за Проценка на влијание на регулативата со Упатство за пополнување
- Прирачник за спроведување на проценка на влијание на регулативата
- Насоки за достава на материјали за седница на Влада согласно апликацијата за е-седници на Влада
- Дводневна обука на 35 државни службеници за ПВР со Извештај и план за воведување

Во текот на реализацијата на проектот остварував континуирана соработка со проектниот тим на **Трајковски & Партнери,** сите планирани активности беа реализирани согласно договорената динамика и со очекуван квалитет. Тимот на Трајковски & Партнери оствари квалитетна комуникација со сите учесници во проектот и беше отворен за нивни сугестии и предлози што резултираше во прифаќањето на предложените резултати од страна на Владата на РМ.

Од тие причини чувствувам обврска да го изразам моето задоволство од соработката со **консултантскиот тим на Трајковски & Партнери,** притоа потенцирајќи ја нивната посветеност кон работните задачи, навремената достава на резултатите, сериозноста во пристапот кон работата и одличната соработка која ја имавме во текот на целото времетраење на проектот. Ми беше задоволство да работам со професионален, одговорен, креативен и сериозен консултантски тим и искрено се надевам дека нашата соработка ќе продолжи и во иднина.

*ПРОЕКТЕН МЕНАЏЕР*
*Неда Малеска Сачмароска*